РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-24
03.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Радиодифузно трговско друштво
**РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО - Кочани**

**За:**

**Предмет:** **Известување за Претставка**

Почитувани,

Во Агенцијата пристигна Претставка (наш УПП бр. 03-24 од 03.10.2025 година), со реакција дека на 03.10.2025 година имате закажано дебата на која имате повикано само двајца од шесте кандидати за градоначалници на Општина Кочани. На наше барање, телефонски и по електронска пошта, известивте дека планирате серија дебатни емисии, но поради просторните услови во студиото дебатите ќе ги организирате со по двајца кандидати (односно како соочувања).

Имајќи ја предвид содржината на Вашиот допис, Ве потсетуваме дека, согласно член 75 став 2 од Изборниот законик, имате обврска за време на изборната кампања да им овозможите на сите учесници во кампањата подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вклучувајќи ги дебатите и радио соочувањата.

Исто така, согласно член 75-а став 1 точка в), баланс во известувањето за изборите за градоначалници се постигнува со почитување на принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници. Поради ова, потребно е да упатите покани за учество до сите кандидати за градоначалници на Општина Кочани и дебатите да ги реализирате до крајот на изборната кампања, а доколку некој кандидат одбие да учествува – тоа треба да го посочите во програмата.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**